Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 110, 1 октомври 2013 година

октомври 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за научната област економика на земјоделството и развој на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области/дисциплини музички форми со анализа и хармонија и полифонија со анализа на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 15

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебникот „Дупчење и минирање” од авторот проф. д-р Ристо Дамбов, Факултет за природни и технички науки, Институт за рударство, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 27

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ И УМЕТНИЧКИ ОБЛАСТИ/ДИСЦИПЛИНИ МУЗИЧКИ ФОРМИ СО АНАЛИЗА И ХАРМОНИЈА И ПОЛИФОНИЈА СО АНАЛИЗА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип на седницата одржана на 19.8.2013 година донесе Одлука бр. 1902-80/3 за распишување Конкурс за избор на наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области/дисциплини: *60907- музички форми со анализа и 60908 - хармонија и полифонија со анализа* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

Со Одлука бр. 1902-83/4 од 17.9.2013 година, Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип формира Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните и уметнички области/дисциплини: *60907- музички форми со анализа и 60908 - хармонија и полифонија со анализа* на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, во следниов состав:

- проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска од наставно-научните и уметнички области 60904 - теорија на музиката и 60909 - диригирање и композиција, вработена на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска од наставно-научните и уметнички области 60900 - музикологија и 60901 - историја на музиката, вработена на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- проф. д-р Илчо Јованов од наставно- научните уметнички области 60904- теорија на музиката и 60906 - музичка педагогија, вработен на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

На Конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија” и „Лајм“, од 5.9.2013 година, во предвидениот рок се пријавиле кандидатите:

- Гоце Гавриловски и
- Марија Кимова.

Критериумите за избор на наставник во сите звања, наведени во Конкурсот, беа следниве:

кандидатите за избор во наставно- научни звања на факултетите треба да имаат завршено соодветно образование од втор циклус студии по наставно- уметничките области за кои се врши изборот, како и да ги исполнува останатите услови наведени во член: 124, 125 и 127 за избор во наставно-уметничките области од Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапка за избор во наставни, научни, наставно-научни, наставно-стручни, уметнички и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Потребни документи за кандидатура за избор, наведени според Конкурсот, кои пријавените кандидати треба да ги достават во целост, се следниве:

- пријава;
- диплома за завршено соодветно образование, за одбранет магистерски/ докторски труд;
- потврда за владеење со еден од светските - странски јазици;
- кратка биографија;
- список на објавени научни и стручни трудови/ изведби (член 127);
- уверение за државјанство.

По разгледувањето на пријавите и приложената документација, Рецензентската комисија го констатира следното:

Кандидатката м-р Марија Кимова нема доставено комплетна документација, а нејзината диплома се однесува само на дел од областите наведени во Конкурсот. Освен магистерскиот труд кој и е достапен на Рецензентската комисија, недостасува список и материјали за објавени научни и стручни трудови наведени во Конкурсот, со што не ги исполнува критериумите за избор наведени во Конкурсот, согласно со член 127 (за избор по стручно-уметнички области) од Законот за високото образование и условите согласно со Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, според кои кандидатот не може да се бодува, и пријавата не е евалуирана.

Кандидатот м-р Гавриловски Гоце уредно и навремено ги достави потребните документи и во целост ги исполнува пропишаните услови од Конкурсот, според што Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Гоце Гавриловски** е роден на 7 февруари 1978 година во Охрид. Завршува седумгодишно музичко училиште, инструмент: пијано, а средното образование го продолжува во МБУЦ „Илија Николовски - Луј" во Скопје, каде што завршува на одделите по пијано и на наставно-теоретскиот оддел. Започнува со изучување на композиција од 1994 год. кај проф. д-р Тома Манчев. Во 1996 година се запишува на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, насока Композиција. Студиите ги завршува со висок просек во 2002 година, во класата на проф. м-р Гоце Коларовски, а дипломира со дипломскиот труд - музичкото дело: Симфониска суита „Фолклорна обредна ракатка" за голем симфониски оркестар.

Веднаш по дипломирањето, во 2002 година запишува втор циклус студии на Теорија на оркестрација на Факултетот за музичка уметност, кај проф. д-р Томе Манчев. На магистерските студии Теорија на оркестрација ги изработува трудовите „Присутноста, употребата и улогата на музичките инструменти во дел од оркестарското творештво на композиторот Властимир Николовски" (магистерски труд) - 2007/2008 год. и Музичките инструменти погледнати низ призмата на оркестрацијата во делото „Болеро" од Морис Равел. Паралелно со овие студии, кандидатот Гоце Гавриловски од 2003 до 2005 година ги проследува и завршува постдипломските студии по композиција на Универзитетот ХАМУ во Прага - Чешка, каде што на ФМУ се стекнува со називот магистер по композиција (master of music art - composition).

Во 2011 година на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје на кандидатот Гоце Гавриловски му е прифатена темата за изработка на докторска дисертација „Фолклорот и неговата уметничка транспозиција во дел од симфониското творештво кај македонските композитори", под менторство на проф. д-р Родна Величковска.

Кандидатот Гоце Гавриловски активно учествува на повеќе меѓународни семинари, фестивали и конференции по композиција и филмска музика во Македонија и во странство, кај бројни реномирани светски композитори, како: А. Шчетински, Е. Годибер, А. Радвиловиќ, Џ. Вулрич, К. Швон, Ф. Сархан, Џ. Темпл, И. Курц, Р. Фебел и др.

Автор е на повеќе: солистички, вокални, камерни, хорски, вокално- инструментални и оркестарски композиции. За дел од нив е добитник на меѓународни награди.

Општествено е активен и како член на СОКОМ - Сојуз на композиторите на Македонија од 1996 година, како и ЗАМП (Здружение за заштита на авторски музички права), од 1996 година, а во неколку мандати е и член на Собранието.

Со значајно петгодишно искуство (од 1998 до 2002 год.), кандидатот Гоце Гавриловски се стекнува во повеќе сектори на Музичката програма во Македонското радио, како и во улога на продуцент во Музичко-касетната продукција на МРТВ. За програмите на Македонското радио работи како музички соработник, потоа музички новинар во

редакциите за: сериозна, детска програма и забавна музика, со разни дејности: рецензии, осврти и критики за тековните концерти на: Македонската филхармонија, Македонската опера, камерни и солистички концерти, како и на фестивалите: „Охридско лето”, „Мајски оперски вечери”, „Денови на македонска музика” и др., потоа бројни интервјуа со разни музички уметници и истакнати дејци и др., и работи како музички соработник на програмата за деца и во редакцијата за забавна музика. Како продуцент во Музичко-касетната продукција на МРТВ, се стекнува со значајно искуство преку снимање на бројни концерти, како и реализирање на разни студиски снимки, носачи на звук и концерти на кои учествуваат бројни и значајни уметници и еминентни музички дејци и исполнители - како од земјава, така и од странство.

Во текот на осум години (од 2002 до 2009 год.), кандидатот Гоце Гавриловски работи како педагог-наставник по пијано на ОМУ „Методи Патче“ - Охрид, каде што бројни ученици од неговата класа се стекнуваат со разни признанија, како: прва, трета награда и бројни дипломи од разни натпревари во: Скопје, Белград, Загреб, како и од домашниот еминентен фестивал „Охридски бисери“.

М-р Гоце Гавриловски една година работи хонорарно на ФМУ при УГД - Штип (од 2008 до 2009 год.), а кандидатот е избран во звање доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, со Одлука бр. 0402-13/37 од 11.5.2009 год., „Универзитетски билтен“ бр. 16/2009 год., стр. 22, од Рецензентската комисија формирана од страна на ННС и Уметничкиот совет на Факултетот за музичка уметност во Штип.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност, стручно-уметнички активности од 2009 до 2013 година***

***Наставни активности***

Кандидатот Гоце Гавриловски активно учествува при реализација на наставата во прв и втор циклус студии на ФМУ при УГД - Штип.

Предавања (и вежби) реализирани во наставата за прв циклус студии:

Задолжителни предмети:

- Полифонија 1 (2+2+1);
- Полифонија 2 (2+2+1);
- Полифонија 3 (2+2+1);
- Вокална полифонија (2+2+1);
- Инструментална полифонија (2+2+1);
- Познавање на музички инструменти (2+1+1);
- Оркестрација 1 (2+1+1);
- Музички форми со анализа 1 (2+2+2);
- Музички форми со анализа 2 (2+2+2);
- Музички форми со анализа 3 (2+2+2);
- Музички форми со анализа 4 (2+2+2);
- Основи на музички форми со анализа 1 (2+2+2);
- Основи на музички форми со анализа 2 (2+2+2).

Изборни предмети:

- Оркестрација 2 (2+1+1) и
- Оркестрација 3 (2+1+1).

Одржани предавања (и вежби) на втор циклус/ постдипломски студии:

Задолжителни предмети:

- Техники на компонирање на 20 век (2+1+4;
- Анализа на музичко дело 1 (2+1+3);
- Анализа на музичко дело 2 (2+1+3);
- Магистерски труд (2+1+6).

Изборни предмети:

- Оркестрација (1+1+4).

Кандидатот м-р Гоце Гавриловски е ментор на кандидат за одбранет магистерски труд, со Одлука бр. 1502-42/41 од 17.6.2013 год.

Кандидатот м-р Гоце Гавриловски е автор на:

– Скрипта по предметот Полифонија 1, со Одлука бр. 1902-131/10 од 17.11.2011 год., рецензирана и објавена во „Универзитетски билтен" бр. 51/ 2010 год., стр. 40.
– Автор на скрипта по предметот Полифонија 2, со Одлука бр. 1902-131/9, од 17.11.2011 год., рецензирана и објавена во „Универзитетски билтен" бр. 51/ 2010 год., стр. 42.

Кандидатот м-р Гоце Гавриловски е автор на интерни скрипти по предметите:

– Музички форми со анализа;
– Инструментална полифонија со анализа.

***Објавени трудови***

1. ФМУ – УГД, Годишен зборник, бр.3: „*Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација во делото 'Болеро' од композиторот Морис Равел*".
2. Списание „*Музика*", год.14, бр.17, 2011 - Скопје, стр: 65-74- ISSN 1409-6579; 781:780.082:781.91(497.7)(049.3); 781:78.071.1(497.7) Nikolovski, V.
3. ISSN 1857-7296, UDC: 376.54:373.31.
4. ISSN1857-7296,781.22:(78.082.1:78.071.1(497.7)(049.3);
5. 78.082.1:78.071.1(497.7) Николовски,В.

***Учество на интернационални семинари, фестивали и конференции***

1. 2011, Струга, Македонија: Музичка научна манифестација „Струшка музичка есен 2011" - Музиколошка секција: „*Особености на народните музички инструменти во делото Трета симфонија рустика, оп. 58, на композиторот Властимир Николовс ки*".
2. 2012, Струга, Македонија: Музичка научна манифестација „Струшка музичка есен 2012" – Музиколошка секција „*'Копачите' и 'Приспивна' од Стеван Гајдов*", м-р Ленче Насев - м-р Гоце Гавриловски.
3. 2010, Штип, Македонија: Научно-стручен собир на тема „Улогата на музиката во образовниот процес": „*Специфичности во работата со надарени ученици*".
4. 2012, Струга, Македонија: Музичка научна манифестација „Струшка музичка есен 2012" – Музиколошка секција „*Анализа на музичките паараметри од аспект на интерпретација во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов*", Ивана Јанков - м-р Гоце Гавриловски.

***Меѓународни награди и признанија***

На Петтиот меѓународен натпревар одржан во 2012 год. во Санкт Петерсбург, во конкуренција на 162 дела од разни земји ширум светот, во две разни категории: категорија-*II. Original works based on folk or author's lyrics, close to folk* – 2 – награда - Gavrilovski Goce (Macedonia), со делото: „Zablealo" и во категоријата - *IV. Experiment choral pieces with new texture techniques***-** 3- награда- Gavrilovski Goce (Macedonia), со композицијата „Meditation mix combination".

Делото „Заблеало" беше изведено на концертот „Mirror of Time. XXI century"- Choir Festival- Cathedral, на 3. 12. 2012 год., во Санкт Петерсбург.

На Шестиот меѓународен натпревар во Санкт Петерсбург, во април 2013 год., а во конкуренција на 190 дела од разни земји ширум светот, Комисијата од пет члена: композитори, диригенти, музиколози - сите од нив истакнати музички дејци во своето поле, во четвртата категорија со назив „Експериментално хорско дело со современи музички изразни текстури" на авторот Гоце Гавриловски за хорското дело „Дај Дуни" му доделуваат трето место, а додека за *композицијата „Мугри"*, за мешан хор, композиторот Гавриловски Гоце го освојува *првото место*.

Наградените дела од овој натпревар ќе се изведат на концертот на први декември 2013 год., во Санкт Петерсбург, а дел од овие дела ќе бидат издадени и во Зборник, од страна на рускиот издавател „Композитор", кој претставува еден од најпознатите светски издаватели.

*Членство во рецензентски комисии за скрипти*

Член на Рецензентска комисија за рецензирање на скрипти на вон. проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, Одлука бр.: 1902-97/25 од 24.9.2010 г., објавена во „Универзитетски билтен“ бр.51/2010, стр. 36;

- Одлука бр.: 1902-97/26, од 24.9.2010;
- „Универзитетски билтен“ бр. 51 / год.: 2010 год., стр.: 38;
- „Универзитетски билтен“ бр. 49 / год.: 2010 год., стр.: 59.

*Рецензент за избор на наставници*

За предметот: Музички форми, со Одлука бр. 0503-526/1 од 30.6.2009 г., објавена во „Универзитетски билтен“ бр. 21/ 2009, стр.3.

Одлука бр. 1902-146/16, од 21.12.2011 г.

*Членство во универзитетски и факултетски тела*

- Член на Факултетски комисии за: додипломски и постдипломски студии, признавање на испити, проверка на знаења, дошколување, усогласување на студентски досиеја, самоевалуација, измени и дополнувања на студиските програми, стандардизирање на уметничките и стручните предмети и степенот на образование - по одлуки:
- член на Комисија за разгледување на барања за признавање на испити на студенти од друг универзитет, Одлука бр. 1902-158/21 од 5.9.2012 г.;
- член на Комисија за проверка на знаења во прв циклус, Одлука бр. 1902-70/5 од 7.7.2011 г.;
- член на Комисија за проверка на барања од студенти за префрлување од други универзитети, Одлука бр. 1902-67/5 од 13.6.2013 г.;
- член на Комисија за проверка на знаења во прв циклус, Одлука бр. 1902-143/19 од 12.6.2012 г.;
- член на Комисија за проверка на знаења во прв циклус, Одлука бр. 1902-67/4 од 13.6.2013 г.;
- член на Комисија за проверка на знаења во втор циклус, Одлука бр. 1902-143/24 од 12.6.2012 г.;
- член на Комисија за самоевалуација на ФМУ при УГД - Штип, Одлука бр. 1902-102/5 од 2.2.2012 г.;
- член на Комисија за проверка на знаења во втор циклус, Одлука бр. 1902-127/13 од 3.11.2011 г.;
- член на Комисија за самоевалуација на ФМУ при УГД - Штип, Одлука бр. 1902-97/10 од 24.9.2010 г.;
- раководител на одделот за Теорија на музиката и музичка педагогија на ФМУ;
- член на ННС и уметнички совет при ФМУ.

*Позначајни изведби на композиции од авторското творештво*

- „Токатни варијанти“ - за две пијана (четири-рачно пијано), ДММ - 2010, камерен концерт Made in Macedonia, Музеј на Град Скопје, 27 март 2010 год.
- „Прелудиум - Оркестарски сонатен став“ за симфониски оркестар, ДММ 2011, Концерт на Македонска филхармонија, Дом на АРМ - Скопје, 24 март 2011 год.
- „Токатина“ - за флејта и пијано, концерт, Софија - Р. Бугарија, 30 ноември 2011 год.
- „Река“ за: обоа, виолина, виола и виолончело, Фестивал на современа музика „Модоарс 2011“, концерт, Менада - Скопје, 14 јуни 2011 год.
- „Заблеало“- за женски хор, Концерт на лауреати од наградени композиции, 2 декември 2012 год., Санкт Петерсбург – Русија.
- „Пијано циклус - Осамен напевен воздив“ за соло-пијано, ДММ-2013, камерен концерт, произведено во Македонија, Музеј на Град Скопје, 8 април 2013 год.
- „Токатина“ за флејта и пијано, концерт, ФМУ- Штип, 28 ноември 2011 год.
- „Латино пиеса“ за: флејта, пијано, бас и бонгос, концерт Автобиографски портрети на македонски композитори, Уметничка галерија „Безистен“ - Штип, 30 август 2012 год.

– „Рудо јагне заблеја“ за детски хор, 25 - Републички/ Државен натпревар на детски и младински хорови, Дом на култура - Кавадарци, 11 мај 2013 год.
– „Џез токатина“ за: флејта, пијано, бас и бонгос, концерт Автобиографски портрети на македонски композитори, Уметничка галерија „Безистен“ - Штип, 30 август 2012 год.
– „Дај Дуј“ за сопран и пијано, Блур еџес - Балкан битс - Фестивал за современа музика, Свечено отворање, Хамбург, Р. Германија, 3 мај 2013 год.
– „Заблеа рудо јагне“ за детски хор, Патронат на ОУ „Братство - единство“ - Охрид, 23 мај 2013 год.
– „Токата: Ц-Ф-Г-Ц-Ф-Ц“ за соло-пијано, концерт, Дом на култура - Кочани, 24 септември 2012 год.
– „Рудо јагне заблека “- 3-гласна композиција за детски хор, Регионални хорски и оркестарски смотри, Гимназија „Св. Климент Охридски“ - Охрид, 21 април 2013 год.
– Пијано циклус – Политехники - Музика на 20 век, Суита-партита „Осамен напевен воздив“ - за соло-пијано, изведено на 4 мај 2013 год., соло-пијано концерт на Ема Потевска, Галерија МЦ, Њујорк – САД.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Правилникот на единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни, уметнички и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, кандидатот м-р Гоце Гавриловски ги исполнува критериумите за избор во наставно-научното звање вонреден професор. Тој покажува способност во: наставно-образовна (НА), научноистражувачка (НИ), стручно-уметничка (СУ), стручно-апликативна и организациско-развојна (СА-ОР) дејност и способност, при што може да се констатира дека тој го задоволува потребниот квантум (од: 75 поени) за да биде избран во наставничкото звање (со: 292 поени). Врз основа на: приложените дела, изведбите на истите, научните и стручни трудови, работната биографија, награди, искуството во наставната и научноистражувачката работа и стручно-уметничките активности, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, како и способноста за активно работење, може да се заклучи дека се работи за сериозен наставно-научен работник.

Рецензиската комисија со задоволство му препорачува на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип **кандидатот м-р Гавриловски Гоце да биде избран во звање вонреден професор во наставно-научните и уметнички области/дисциплини *60907 - музички форми со анализа и 60908- хармонија и полифонија со анализа.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Валентина Велковска- Трајановска, с.р.**
**Проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, с.р.**
**Проф. д-р Илчо Јованов, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на м-р Гоце Гавриловски, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ и Факултетот за музичка уметност во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност (НО)= 140 б.** | | | |
| 3. Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум<br>- Одлука бр. 1902-131/10 од 17.11.2011<br>- Одлука бр. 1902-131/9 од 17.11.2011 | 2 | 8 | 16 |
| 4. Интерна скрипта од предавања:<br>- „Инструментална полифонија“<br>- „Музички форми со анализа“ | 2 | 4 | 8 |
| 8. Рецензент на учебник, скрипта<br>- Одлука бр. 1902-97/25 од 24.9.2010<br>- Одлука бр. 1902-97/26 од 24.9.2010<br>- Билтен бр. 51 / год.: 2010, стр. 38<br>- Билтен бр. 49 / 2010 год., стр. 59 | 4 | 1 | 4 |
| 12. Ментор на одбранета магистерска работа<br>- Одлука бр. 1502-42/41 од 17.6.2013 | 1 | 3 | 3 |
| 25. Предавања на Универзитет „Гоце Делчев” – Штип (неделен фонд на часови во двата семестра во изборниот период на прв циклус студии) | - 2009 / 2010 (10 x 1)<br>- 2010 / 2011 (10 x 1)<br>- 2011 / 2012 (12 x 1)<br>- 2012 / 2013 (12 x1)<br>- 2013 / 2014 (10 x1)<br>= 54ч. | 10 + 10<br>+ 12<br>+ 12<br>+ 10 =<br>54ч. Х 1п. | 54 |
| 26. Вежби на Универзитет „Гоце Делчев” –Штип | -2009/2010 (8x 0,5)<br>-2010/2011 (10x0,5)<br>-2011/2012 (10x 0,5)<br>= 28ч. | 8 + 10<br>+ 10 =<br>28ч. Х<br>0,5п. | 14 |
| 27. Одржани предавања на втор циклус студии | - 2010 / 2011 (8 x 1)<br>- 2011 / 2012 (10 x 1)<br>- 2012 / 2013 (8 x 1)<br>= 26 ч. | 8 + 10<br>+ 8 =<br>26ч. Х 1п. | 26 |
| 28. Одржани вежби на втор циклус студии | - 2010 / 2011 (8 x 0,5)<br>- 2011 / 2012 (10 x 0,5)<br>- 2012 / 2013 (8 x 0,5)<br>= 26 ч. | 8 + 10<br>+ 8 =<br>26ч. Х<br>0,5п. | 13 |
| 30. Рецензент на соработници и наставници<br>- Одлука бр. 0503-526/1 од 30.6.2009<br>- Одлука бр. 1902-146/16 од 21.12.2011 | 2 | 1 | 2 |

| **Научноистражувачка и стручноуметничка активност (НИ – СУ) = 117 б.** | | | |
|---|---|---|---|
| 9. Учество на научен собир со реферат<br>- „*Специфичности во работата со надарени ученици*“ - Научно-стручен собир, УГД- ФМУ-Штип, 2010 год.<br>- „*Анализа на музичките пааратметри од аспект на интерпретација во дел од хорското творештво на Стефан Гајдов*“- Музичка научна манифестација- СМЕ-2012<br>-„*Копачите и Приспивна од Стеван Гајдов*“ - Музичка научна манифестација- СМЕ-2012, Струга<br>- Особености на народните музички инструменти во делото Трета симфонија- рустика, оп. 58, на композиторот Властимир Николовски - Музичка научна манифестација - СМЕ-2011, Струга | 1 / 1,5- во земјата | 1,5 / 2- во странст. | 2 X 1,5 + 2 X 1 = 3 + 2 = 5 |
| 15. Член на уредувачки одбор на научно списание<br>- Одлука бр. 1902-134/33 од 24.11.2011- Годишен зборник на трудови на ФМУ при УГД - Штип<br>- Одлука бр. 1902-171/6 од 4.10.2012- Годишен зборник на трудови на ФМУ при УГД - Штип | 4 / 2 / 1 | 2 x 2 | 4 |
| Компонирано музичко дело (соло, дуо, трио, квартет, камерен ансамбл до седум изведувачи, хор и вокално-инструментални дела во траење до 7 мин.) со оригинални уметнички резултати, концертна изведба (печатено како партитура од официјална институција или снимено-издадено на ЦД од официјална медиумска или издавачка куќа) | во земјата 10 x 5 = 50 | во странст. 4 x 7 = 28 | 78 |
| Компонирано музичко дело за камерен, гудачки или симфониски оркестар, вокално-инструментално дело, ораториум, опера, балет итн., со оригинални уметнички резултати, создадени и верификувани како нарачка од институција (СОКОМ, Министерство за култура, МОБ, Македонска филхармонија и еквивалентни институции на истите вон земјата) (неизведено дело) | 1 | 6 | 6 |
| 5. Труд со оригинални научни резултати објавено во Зборник од трудови на научен собир<br>-ISSN 1857-7296, UDC: 376.54:373.31<br>-ISBN 978-9989-801-10-5; 78.071.1:78.087.684(497.7); 78.087.684:781<br>- ISBN 978-9989-801-10-5; 781.68:78.087.68(497.7)<br>-ISSN 1409-6579; 781:780.082:781.91(497.7)(049.3); 781:78.071.1(497.7) Nikolovski,V | 4 | 1 | 4 |
| 21. Награди-признанија за научни/ уметнички постигнувања, сценско- музички награди | 2 | во странст. = 10б. | 20 |

| Стручно-апликативна и организациско -развојна дејност (СА-ОР) = 35 б. | | | |
|---|---|---|---|
| 5. Труд во стручно списание<br>-ФМУ- УГД- Годишен зборник, бр.3:<br>„*Оркестрациска и темброва идеја и нивната звучна материјализација во делото ‘Болеро’ од композиторот Морис Равел*“<br>- Музика, год.14, бр.17, 2011- Скопје, стр: 65-74- ISSN 1409-6579; 781:780.082:781.91(497.7)(049.3); 781:78.071.1(497.7)Nikolovski,V<br>- ISSN 1857-7296, UDC: 376.54:373.31<br>- ISSN 1857-7296, 781.22:(78.082.1:78.071.1(497.7)(049.3); 78.082.1:78.071.1(497.7) Николовски,В. | 4 | 2 | 8 |
| 27. Член на универзитетски или владини тела<br>-Биро за развој на образование, бр. 02-2873/1, од 30.7.2010 год., Решение за формирање на стручен тим за изработка на наставна програма- Министерство за образование и наука на Р. Македонија | 1 | 5 | 5 |
| 28. Член на факултетски орган, комисија<br>Член на Факултетот во комисиите за: постдипломски, признавање на испити, проверка на знаења, дошколување, усогласување на студентски досиеја, измени и дополнувања на студиските програми, стандардизирање на уметничките и стручните предмети и степенот на образование<br>- Член на Комисија за разгледување на барања за признавање на испити на студенти од друг универзитет, Одлука бр. 1902-158/21 од 5.9.2012 г.<br>- Член на Комисија за проверка на знаења во прв циклус, Одлука бр. 1902-70/5 од 7.7.2011 г.<br>- Член на Комисија за проверка на барања од студенти за префрлување од други универзитети, Одлука бр. 1902-67/5 од 13.6.2013 г.<br>- Член на Комисија за проверка на знаења во прв циклус, Одлука бр. 1902-143/19 од 12.6.2012 г.<br>- Член на Комисија за проверка на знаења во прв циклус, Одлука бр. 1902-67/4 од 13.6.2013 г.<br>- Член на Комисија за проверка на знаења во втор циклус, Одлука бр. 1902-143/24 од 12.6.2012 г.<br>- Член на Комисија за самоевалуација на ФМУ при УГД- Штип, Одлука бр. 1902-102/5, од 2.2.2012 г.<br>- Член на Комисија за проверка на знаења во втор циклус, Одлука бр. 1902-127/13 од 3.11.2011 г.<br>- Член на Комисија за самоевалуација на ФМУ при УГД- Штип, Одлука бр. 1902-97/10, од 24.9.2010 г.<br>- Раководител на Оддел за теорија на музиката и музичка педагогија на ФМУ<br>- Член на ННС и уметнички совет при ФМУ | 11 | 2 | 22 |
| ***ВКУПНО:***<br>***(НО) + (НИ – СУ) + (СА-ОР)*** | ***140 +117 +35*** | | ***= 292*** **бода** |